IBF International Consulting SA (IBF)- Белгија и Early Years Ltd- Обединетото Кралство и Europartner Consulting International ДООЕЛ (EPCI)- Република Северна Македонија го спроведуваат проектот „Дизајнирање, спроведување и организирање програми за обука за професионалци вклучени во системот за згрижување и воспитание на деца од предучилишна возраст “. За потребите на проектот се објавува јавен оглас.

**ЈАВЕН ОГЛАС**

**за ангажирање на асистенти за обука**

Асистентите за обука ќе бидат одговорни за спроведување на обука и логистика. Ова вклучува

- Обезбедување секојдневни практични примери за инклузивно образование
- Обезбедување повремена поддршка на локалните експерти во текот на обуката
- Обезбедување локален поддршка/совет на колегите по спроведената обука
- Организација на обука по региони: место на одржување, техничка опрема, обезбедување превод доколку е потребно, подготовка на материјали, обезбедување аудио/видео снимање и фотосесии на работилниците, кетеринг итн.

Асистентите за обука ќе бидат со седиште во сите 8 региони на Северна Македонија, а нивните активности ќе бидат фокусирани на соодветните региони. Секој регион ќе има по 2 асистенти. Тие ќе ќе обезбедуваат поддршка на експертот за обука, меѓународниот експерт и локалните експерти.

Асистентите за обука ќе бидат избрани меѓу 1.500-те професионалци кои се вклучени во системот за згрижување и воспитание на деца од предучилишна возраст. Идеалниот кандидат/тка ќе има најмалку високо образование и има учествувано на поголем број на обуки во своето работење во областите релевантни за инклузивно образование и инклузивна средина за учење.

Сите асистенти за обука се очекува да имаат: познавање на системот за згрижување и воспитание на деца од предучилишна возраст преку работно искуство во детски градинки и центри за ран детски развој, Искуство во работа со деца од ранливи групи, учество барем на следните обуки: „Згрижување и воспитание на деца од предучилишна возраст: социјално-емоционално и невро-образование“, „Стимулирачка средина за учење: конструктивизам, учење базирано на проблеми, игри“и да имаат Искуство во организација на обука на воспитувачи.

Асистентите за обука ќе бидат ангажирани за период до 11 месеци, со просечен ангажман од приближно 8 дена месечно.

Деталниот опис на одговорности е претставен во документот Услови за ангажман- ToR достапен на следниот линк: https://www.ssip.mk/oglasi/ .
Сите елементи кои не се опишани во овие Услови за ангажирање ќе бидат предмет на преговори.

Се покануваат заинтересираните кандидати да ја достават својата кратка биографија/CV, вклучувајќи и листа на релевантни семинари на кои учествувале и/или ги воделе и мотивациско писмо. Кратката Биографија и мотивациското писмо треба да се достават на следните е-маил адреси: onosimoski@ibf.be и danilo.danailov@epci-eu.com.

Крајниот рок за прием на апликации (CV и мотивациско писмо) е **30 август 2023 година**. Сите информации во апликациите ќе се третираат како доверливи. Апликациите кои ќе пристигнат по истекот на рокот / или се испратени на друг начин или на други адреси нема да бидат земени во предвид.